Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 21.01.2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 536/2 | 1 | |

**И З В Е Ш Т А Ј**
**од контролниот надзор врз програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво ТВ Ситeл ДООЕЛ Скопје, емитуван во периодот од 16 до 19 јануари 2015 година**

***Предмет на надзорот:***

- **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица (правила за заштита на малолетните лица од програми што можат да им наштетат во нивниот физички, психички или морален развој)**

*На 9 декември 2014 година, по извршен вонреден надзор за периодот од 24 ноември до 1 декември 2014 година, за непочитување на одредбите од член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизулени медиумски услуги и член 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение – на ТРД ТВ Ситeл ДООЕЛ Скопје да му се изрече мерка – опомена.*

*Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

***Констатации:***

Со контролниот надзор врз програмскиот сервис на ТРД ТВ Ситeл ДООЕЛ Скопје, емитуван во периодот од 16 до 19 јануари 2015 година, е утврдено дека субјектот на надзорот (радиодифузерот), **не постапил по решението, односно не ја отстранил извршената повреда** на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Играниот серијал „Сила“, што во работните денови од неделата се емитува и премиерно и репризно, а во денот – недела, само репризно, несоодветно е категоризиран како програма од Прва категорија – наменета за целата публика.

Репризите од серијалот, и во работните денови и во денот недела, несоодветно се означени како – програма од Прва категорија и се емитуваат во несоодветен временски период од денонокието.

Според критериумите за категоризација на програмите од Правилникот за заштита на малолетните лица, серијалот „Сила“ треба да се категоризира како програма од Трета категорија, да се означи со предупредувачка сигнализација 12+, односно како - програма што не се препорачува за деца под 12 години, за чие следење е неопходен надзор од родител или старател, и да се емитува во периодот од 20:00 до 05:00 часот.

Во табелата се дадени почетните и крајните времиња од емитувањето на поединечните епизоди и репризи од овој серијал, констатирани со контролниот надзор извршен во перидот од 16 до 19 јануари 2015 година:

| Наслов на емисија | | Период на емитување | |
|---|---|---|---|
| *Серијал „Сила"* | | Почеток | Крај |
| *Серијал „Сила" – 16 јануари (петок)* | Реприза (од 15 јануари) | 16:47:21 | 18:11:40 |
| | Премиера | 19:56:50 | 21:21:08 |
| *Серијал „Сила" – 17 јануари* | Премиера | 20:08:38 | 21:29:31 |
| *Серијал „Сила" – 18 јануари* | Реприза | 11:02:37 | 14:54:11 |
| *Серијал „Сила" – 19 јануари* | Реприза | 16:45:38 | 18:06:00 |
| | Премиера | 19:51:46 | 21:12:54 |

***<u>Опис на прекршувањето:</u>***

**Спротивно на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица,** во периодот од 16 до 19 јануари 2014 година, на програмскиот сервис на ТРД ТВ Сител ДООЕЛ Скопје, премиерите и репризите од серијалот „Сила" несоодветно се категоризирани како програми од Прва категорија – наменета за целата публика, наместо како – програми од Трета категорија, означени со предупредувачкиот знак – 12 +, а репризите се емитуваат и во несоодветен временски период за категоријата програма.

*Сектор за програмски работи*

I.

| **Претходно изречена мерка:** |
|---|
| - Решение за опомена, бр.03-520 од 11.12.2014 година |

Согласно член 23 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги доколку се констатира непочитување на одредбите од овој Закон и подзаконските акти донесени врз основа на него, Директорот на Агенцијата против радиодифузерите презема мерка - донесува решение со кое ќе го опомене (член 23 став 1 алинеја 1).
Во случај кога и покрај донесеното решение за опомена, радиодифузерот продолжува со вршење на истата повреда за која е опоменет, во текот на годината (член 23 став 1 алинеја 2), Директорот на Агенцијата поднесува барање за поведување на прекршочна постапка.

<u>Во конкретниот случај не постои законски основ Директорот на Агенцијата да ја преземе втората мерка – поднесување барање за поведување прекршочна постапка против радиодифузерот со оглед дека првичната повреда на законската одредба и на одредбата на подзаконскиот акт на Агенцијата, е извршена во 2014 година, а контролниот назор со кој е утврдено дека радиодифузерот продолжил со вршењето на истата повреда е во текот на друга година, односно во 2015 година.</u>

II. Имајќи го предвид напред наведеното, а во врска со констатираното прекршување на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица, а со оглед дека за повредата на оваа законска одредба и на одредбата од наведениот подзаконски акт на Агенцијата, радиодифузерот не е опоменет во текот на оваа година, во согласност со член 23 и 27 од цитираниот Закон, до Директорот на Агенцијата се дава следната

**Предлог на мерка:**

- да се преземе мерка – опомена, и
- Директорот на Агенцијата да определи во кој рок од денот на донесувањето на поединечниот акт (решение), да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил).

*Сектор за правни работи*